**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Дел.бр. 09-20/2**
**Дата: 26.11.2019 год.**
**Битола**

| | |
|---|---|
| **ООУ „Никола Карев“- Крушево** | |
| **Извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 14 до 16.10.2019 година |
| **Број на извештај:** | 17 / Пелагониски регион / 2019 год. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Весна Корлевска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта** | 6 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Крушево |
| **Наставен јазик:** | македонски и албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 630 |
| **Полова структура на ученици:** | 333 машки и 297 женски |
| **Број на наставници:** | 77 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Зорица Чавкаровска |
| **Директор на училиштето:** | Оливера Чавкаровска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 28.09 -03.10.2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Шула Мина“ бр. 6-а - Крушево |
| **Телефон:** | 048 476 558 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | nkarev_krusevo@hotmail.com |
| **Оценка ИЕ** | **2,60 ( добро)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ бр. 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ бр. 86/2006).

**Резиме**

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, во период од 14 до 16 октомври 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Никола Карев“-Крушево. Цел на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето, примената на законите како и други прописи и акти со кои е регулиран воспитно-образованиот процес. За време на надзорот беа посетени 41 наставник, се одржаа состаноци со директорот на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители, претседатели на стручни активи, ученичка зедница и со стручната служба во училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Никола Карев“-Крушево се реализира **добро**[1]**.**

Наставата во училиштето се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, донесени од Министерот за образование, а наставата по математика, природни науки, хемија, физика и биологија се реализира според Кембриџ програмата. Задолжителната и изборната настава е застапена согласно наставниот план, а изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети го вршат родителите и учениците. Задолжително се реализираат програми за дополнителна и додатна настава. Во прво одделение во основното и во подрачните училишта се реализира настава по физичко и здравствено образование од соодветен предметен наставник. Во училиштето се реализира програма за хор и оркестар.

Во училиштето има проширена програма за организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на редовната настава и еден час по завршувањето на наставата. Училиштето не организира продолжен престој за ученици од I-V одделение.

Во училиштето во редовната настава вклучени се четири ученици со посебни образовни потреби (ПОП). Училиштето има формирано училишен инклузивен тим, кој има изготвено програма за работа и акционен план за реализација на програмата и изготвени се индивидуални образовен план (ИОП) за работа. Формирани се и поединечни инклузивни тимови за децата со посебни образовни потреби. За наставниците не се реализирани обуки за изготвување на ИОП и работа со ученици со ПОП, работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето, како и со надарени и талентирани ученици. Училиштето не располага со асистивна технологија.

Во училиштето се реализираат голем број на воннаставни активности. Во воннаставните активности се вклучени ученици независно од нивната возраст, пол, националност и социјален статус. Реализира активности од проектот Нансен и Еразмус+.

Училиштето реализира доста активности од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, како и еколошка едукација, кои се планирани и во наставните програми.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците, според пол, по наставни предмети, паралелки и одделенија, низ квалификациони периоди во секоја учебна година. Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот со изградена политика за опфат на учениците.

Средниот општ успех на училиштето на крајот на последните три учебни години е многу добар, истиот благо расти, и на крајот од 2018/19 г. бил 4,09.

Постигањата и редовноста на учениците како и изречените педагошки мерки се следат преку споредбени анализи за сите квалификациони периоди. Поведението на сите учениците е примерно. Минатата учебна година еден ученик ја повторил годината. Редовноста на учениците е добра, просечниот број на неоправдани изостаноци е под еден изостанок на ученик. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво

Наставниците имаат годишни, глобални, тематски-процесни планирања и оперативни планови за час, за задолжителните и за изборните предмети. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Потребно е наставниците на час да планираат и реализираат диференцирани активности, за ученици со потешкотии и за талентирани ученици, со цел да се постигни максимум кај сите ученици.

Наставниците во наставниот процес главно користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Основното училиште располага со спортска сала. Реализацијата на наставата по предметот физичко и здравствено образование во подрачните училишта е нецелосна заради немање доволно на спортски терени, спортски справи и спортски реквизити.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Учениците и вработените колективно се осигурани. Во училиштето има лица со сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи. Во последните три години училиштето има изведено симулација за постапување во случај на елементарни непогоди и други несреќи.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата и на вработените лица.

Во училиштето има усвоено кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и куќен ред за однесување на сите вработени и со истите се дефинирани сите облици на однесување на субјектите во воспитно образовнот процес во училиштето.

Училиштето навремено и редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот објект. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, скалите, санитарните јазли и дворот е делумна и треба да се подобри.

Во училиштето има пропишана процедура за грижа на здравјето на учениците и вработените и се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, исто така се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените.

Наставниците водат уредна педагошка евиденција и документација за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Климата во училиштето е добра. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање,

што ја прави климата во училница многу добра. Постои работна атмосфера за време на настава и воннаставните активности. Дисциплината на учениците е добра.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

Училишен одбор (УО) е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. УО нема изготвено деловник и програма за работа. Училиштето нема обезбедено обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Училиштето нема формирано училишен спортски клуб.

Училиштето има изготвено самоевалуација за период од две учебни години (дел.бр.01-401/1 од 07.10.2019 год.) и Програма за развој за период од 2016-2019 г. (дел.бр. 01-304/4 од 26.08.2016 год.). Училиштето има Статут заверен под број 02-368/2 од 31.08.2012 год. за кој што има добиено решение за согласност од МОН (дел.бр.19-840/4 од 04.07.2013 год.) и Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на училиштето бр.19-840/4 од 04.09.2013 год.

За учебната 2019-20 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа на училиштето дел.бр. 01-300/1 од 29.08.2019 год. и истата е усвоена од Советот на Општина Крушево.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште „Никола Карев“- Крушево е основано со решение на Собрание на општина Крушево од 01.09.1966 год. Училиштето е верифицирано за вршење на воспитно-образовна дејност со решение бр.10-1248/3 од 27.06.1994 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје. Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија под деловоден бр. 30520130002291.

Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик во две смени. Во состав на училиштето работат шест подрачни училишта во населените места: с.Врбоец, с.Алданци, с.Норово, с.Борино, с.Саждево и с.Белушино, од кои во подрачните училишта во с.Норово и с.Саждево, се реализира настава од прво до деветто одделение. Затоплувањето на објектот во основното училиште е со парно греење на дрва и нафта, а во подрачните училишта со печки на дрва.

Во училиштето настава следат 630 ученици, распоредени во 42 паралелки, од кои 23 се на македонски и 19 паралелки на албански наставен јазик. Бројот на ученици во паралелките не е поголем од 16 ученици. Вкупниот број на ученици во училиштето благо опаѓа. Учениците по етнички состав се македонци, власи, албанци и бошњаци.

Наставата ја реализираат 77 наставници, од кои 3 дополнуваат од други училишта. Од вкупно вработени 77 наставници во училиштето, 27 наставници се вработени на определено, а останатите 50 наставници се вработени на неопределено работно време. Покрај наставниот кадар во училиштето вработен е стручен соработник - педагог, секретар, сметководител, директор, помошник директор, кој е и наставник, и 12 лица како техничка служба.

Училиштето ја негува политиката на мултикултурализам и активно е вклучено во проектот МИМО. Истото има 4 партнер-училишта со кои често реализира меѓуетнички активности.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ „Никола Карев“-Крушево, се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, согласно донесените програмски документи од страна на Министерството за образование и наука (МОН). Реализацијата на наставните планови и програми за учебната 2019/20 година е во пропишаниот обем, освен по физичко и здравствено образование (ФЗО) во подрачните училишта, заради условите за работа. Наставата по ФЗО во прво одделение се реализира од предметен наставник по ФЗО. Наставата по наставните предмети математика, природни науки, хемија, физика и биологија се реализира според наставни програми по Кембриџ програмата. Во училиштето се реализираат програми за дополнителна и додатна настава како и програми по хор и оркестар.

Во училиштето во редовната настава вклучени се четири ученици со посебни образовни потреби (ПОП). Училиштето има формирано училишен инклузивен тим, составен од директор, педагог, по двајца наставници од одделенска и предметна настава и еден родител. Тимот има изготвено програма за работа. За учениците со ПОП формирани се поединечни инклузивни тимови за секој ученик. Поголемиот број од наставниците кои работат со учениците со ПОП имаат изготвено индивидуални образовни планови (ИОП) за работа. За двајца ученици со ПОП се работи со ИОП само по наставниот предмет ФЗО, а за останатите две деца се работи со ИОП по сите наставни предмети. Индивидуалните образовни планови се изготвени со помош на педагогот во училиштето. Во училиштето нема вработено психолог или дефектолог како стручен соработник. За членовите на училишниот инклузивен тим, како и за наставниците кои работат со учениците со ПОП, нема реализирано обуки за изготовка на ИОП, како и обука за работа со деца со ПОП. Во соработка со општина Крушево, во училиштето ангажирани се две лица-образовни асистенти кои даваат индивидуална помош на двајца ученици со ПОП.

Училиштето пред почетокот на секоја учебна година, ги запознава наставниците со новините и измените во наставните планови и програми. Исто така со измените на наставните програми наставниците се запознаваат и преку семинари и други стручни обуки во организација на Бирото за развој на образованието (БРО).

На почетокот на учебната година, раководителите на паралелки ги запознаваат родителите со наставните планови и програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел тие да бидат информирани за наставните планови и програми и другите активности на училиштето. За остварувањето на одделни цели од годишната програма за работа на училиштето, родителите се информираат и преку индивидуални средби.

Изборот на изборните предмети се врши од листа со понудени најмалку три предмети, преку спроведување на анкета од страна на педагогот во училиштето. Учениците го изучуват оној изборен предмет кој го избрале наголем број од ученици во оддделението.

Училиштето има изготвено проширена програма за организирано прифаќање и заштита на учениците од I до III одделение, еден час пред и еден час по завршувањето на

наставата. Поради немање интерес од страна на родителите на учениците, проширената програма во училиштето не се реализира.

## 1.1 Квалитет на наставните планови и програми

Од разговорите со наставниците и стручните соработници се констатира дека наставните содржини поттикнуваат мултикултурна сензитивност, родова и етничка рамноправност.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во поставените цели во наставните програми кај поедини наставни предмети. Интегрирањето на особеностите на локалната средина е позастапено во планирањата на воннаставните активности.

Во училиштето нема пишан документ за интеграција на меѓупредметните цели во наставните програми. Наставниците не ги издвојуваат во своите планирања меѓупредметните цели во наставните програми, а истите ги реализираат во наставата и во воннаставните активности.

Наставниците на стручни активи и на наставнички совет дискутираат за пропустите и проблемите со кои се соочуваат при реализација на наставните планови и програми. Но во изминатиот период, училиштето до предлагачите на наставните планови и програми нема доставено предлози за изменување и дополнување на истите.

## 1.2 Воннаставни активности

Училиштето во последните три учебни години планира и реализира голем број на воннаставни активности, кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Воннаставните активности училиштето ги реализира со јазично хетерогени групи на ученици.

Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

Во училиштето се реализира проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО). Активностите за меѓуетничка интеграција на младите во образование (МИМО) се поделени на самостојни мултикултурни активности кои ги реализираат наставниците самостојно и заеднички активности кои се реализираат во соработка со наставници од друг наставен јазик. Во изминатата учебна година во училиштето се реализирани 25 самостојни мултикултурни работилници, во чија реализација биле вклучени околу 200 ученици и 12 наставници. Од заедничките мултикултурни активности, во изминатата учебна година, реализирани се 45 заеднички активности, а во нивната реализација биле вклучени околу 350 ученици (кои наставата ја следат на македонски и албански наставен јазик, како и ученици од влашката, бошњачката и ромската заедница) и 40 наставници кои предаваат на македонски и албански наставен јазик. Во училиштето реализирани се заеднички часови со наставници и ученици од двата наставни јазици по голем број на наставни предмети и тоа: природни науки, биологија, географија, математика, техничко образование, ликовно образование, музичко образование, македонски, албански, англиски и влашки јазик, општество и други. Училиштето има добиено неколку грантови од ПМИО, поддржани од УСАИД и ЛС Крушево. Сите наставници во училиштето имаат добиено сертификати за стекнати компетенции на наставник за успешна реализација на активности за МИМО и 6 наставници имаат сертификат за стекнати компетенции за училишен обучувач-ментор за МИО.

Во училиштето се реализираат активности од Нансен моделот за интегрирано образование (НМИО) во рамките на проектот на Нансен дијалог центар-Скопје, кој овозможува успешна интеграција на учениците, родителите и наставниците од различни етнички заедници преку современ воспитно-образовен процес. Проектите се реализирани во соработка со Бирото за развој на образованието во Македонија и Советот за интегрирано образование на Северна Ирска. Работилниците се реализираат еднаш месечно, на македонски, влашки и албански јазик. Главна карактеристика на Нансен моделот за интегрирано образование е тандемскиот начин на работа. Станува збор за одржување на воннаставна активност која истовремено се одвива на два јазика, без превод, со меѓусебно надополнување. На тој начин учениците го усвојуваат јазикот на другата етничка заедница и тоа е една од придобивките на овој модел.

Во изминатите три учебни години, училиштето во соработка со партнер училиштата и тоа: ООУ „Страшо Пинџур“ с. Мало Коњари, ООУ „Кочо Рацин“-Прилеп, ООУ „Даме Груев“-Градско и ООУ „ 11-Октомври “ Скопје има реализирано заеднички активности со мешан состав на ученици и наставници. Активностите од МИМО се реализирани при одбележување на патроните празници на партнер училиштата, одбележување на значајни датуми и верски празници, спортски и други активности.

Во училиштето се реализираат еколошки активности во соработка со НВО „ОХО“ , општина Крушево, БРО, МОН, Француски институт, амбасадите на Швајцарија и Словачка во Македонија, основно училиште од Р. Романија и со други институции. Во училиштето се реализираат одреден број на слободни ученички активности. За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници. Учениците со помош и поддршка од наставниците, учествуваат и освојуваат награди на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Ученичките екскурзии како воннаставни активности училиштето ги организира и изведува во согласност со Правилникот за организирање на ученички екскурзии и истите се реализираат во текот на учебната година. Родителите активно учествуваат во нивната организација и остварување.

Воннаставните активности се добри.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, националност, по сите наставни предмети, по паралелки и за сите класификациони периоди на ниво на училиште и општ успех по години. Секој одделенски раководител изготвува преглед на успехот на учениците во паралелката, по секое тримесечие од наставната година. Наставниците преку евидентни листови ги следат постигањата на учениците. Во оваа учебна година, во училиштето идентификувани се 5 ученици кои имаат потешкотии во учењето и четири ученици со посебни образовни потреби (ПОП). Училиштето има идентификувано двајца надарени и талентирани ученици.

Во изминатите три учебни години општиот успех на постигањата на учениците е следниот: за учебна 2016/17 год. средниот општ успех е 3,97 за учебната 2017/18 год. средниот општ успех е 4,05 и за учебна 2018/19 год. средниот општ успех на учениците е 4,09. Според изготвените извештаи за постигањата на учениците за период од последните три учебни години, на ниво на училиште се забележува благо растење во средниот општ успех на учениците. Училиштето смета дека постигањата на учениците можат да се подобрат, преку поголема соработка со родителите, поквалитетна настава и реализација на дополнителна и додатна настава.

На учениците кои имаат потешкотии во учењето, наставниците делумно им обезбедуваат поддршка, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Мал број од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на учениците со пречки во развојот, како и на надарените ученици. Реализацијата на дополнителната настава делумно задоволува. Додатна настава во училиштето се реализира по потреба, со ученици кои учествуваат на различни манифестации и натпревари.

Училиштето организира заеднички активности, наставни и вонннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето и со партнер училиштата. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.

Постигањата на учениците се добри.

### 2.2. Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици

Училиштето располага со податоци за опфат на ученици од реонот за упис во прво одделение. Во учебна 2019/20 година, во прво одделение запишани се 84 ученици. На почетокот на месец мај, училиштето преку соопштенија истакнати во централното и во подрачните училишта, како и со лично доставување на покани ги информира родителите кои имаат деца за запишување во прво одделение.

Во изминатите три учебни години, вкупниот број на ученици во училиштето е следниот: во учебната 2016/17 год. запишани се 625 ученици, во учебна 2017/18 год. запишани се вкупно 597 ученици и во учебна 2018/19 год. запишани се 615 ученици. Во изминатата учебна година IX одделение завршиле вкупно 53 ученици. Училиштето има податоци за опфатот на сите ученици при премин од основно во средно образование.

Училиштето ја следи редовноста на учениците по пол, по одделенија и по наставен јазик, ги анализира причините за отсуството од наставата и превзема активности за зголемување на редовноста на учениците. Во изминатите три учебни години, број на изостаноци по ученик во просек е 24 изостаноци по ученик, а додека бројот на неоправдани изостаноци по ученик во просек е 2 изостанока по ученик, додека за минатата учебна година бројот на неоправдани изостаноци по ученик е незначително мал, односно 0,48 изостанок по ученик.

Во изминатите три учебни години, во училиштето нема осипани ученици, односно ученици кои не го продолжиле своето образование.

Стручниот соработник-педагог во училиштето, постапува согласно правилникот за советување на ученици и родители. Во учебната 2018/19 година, спроведено е советување на 30 родители и ученици со цел подобрување на успехот и редовноста на учениците. За намален успех реализирано е советување на 18 родители и ученици, а за нередовно посетување на настава на ученик одржано е советување на 12 родители и нивни ученици. Од спроведеното советување на родители и ученици, има подобрување кај поедини ученици на успехот и редовноста на учениците.

Во изминатата учебна година во училиштето новодојдени се 3 ученици од други училишта, а испишани се вкупно 13 ученици, од кои 4 ученици се иселени во друга држава и 9 ученици запишани во друго училиште. Во училиштето се почитуваат законските прописи при премин на ученици од едно во друго училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Во претходната учебна година еден ученик во прво одделение со барање на родител и мислење на одделенскиот раководител ја повторил учебната година. За учениците кои се упатени на поправен испит, училиштето организира дополнителна/продолжителна настава. Училиштето ги запознава родителите со правото за поднесување на приговори по однос на постигнатиот успех на нивните деца.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во годишната програма на педагогот и на директорот се планирани активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Пред почетокот на учебната година стручната служба на наставниците им дава насоки за изготвување на годишните и тематските планирања. Поголем број наставници истите ги доставуваат во училиштето пред почетокот на учебната година, а мал број наставници во септември. На стручни активи дадени се насоки во планирањата да бидат застапени наставни содржини со примена на ИКТ, со користење на современи форми и методи во наставата, содржини од интеграција на еколошкото образование и активности од проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Поддршка и помош на наставниците за подобро да ја планираат наставата, училиштето им дава со тоа што им обезбедува учество на семинари и разни обуки, во соработка со советници од Биро за развој на образованието и инструктивна помош за наставниците-приправници од страна на назначените наставници-ментори.

За реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни-глобални, тематски планирања и оперативни планови за час. Годишните глобални, тематски планирања и оперативни планови за час по: математика, природни науки, биологија, хемија и физика, наставниците ги изработуваат според Кембриџ програмата. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, одделенскиот час, со содржини од програмата образование за животни вештини, програми за слободните ученички активности, екскурзиите и план за родителски средби.

Планирањата на поголем број од наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, техники на учење, услови за реализација, очекувани резултати, начини на оценување, и др. Годишните и тематските планирања наставниците ги изготвуваат во рамките на стручните активи, поедини наставници индивидуално и во соработка со наставници од други училишта. Тематските планирања на наставниците се следат од педагогот, само во септември. Постојат потешкотии за следење на тематските планирања на албански наставен јазик, како и делумна е соработката меѓу наставниците во основното и подрачните училишта.

Не сите наставници кои работат со учениците со посебни образовни потреби имаат изготвено индивидуални образовни планови, во соработка со инклузивниот тим на училиштето. Училиштето повремено соработува со дневниот ресурсен центар во Крушево.

Распоредот на часови го изработува лице задолжено од страна на директорот на училиштето, во соработка со стручната служба, наставниците и директорот на училиштето. Во училиштето е изготвен распоред за дополнителна и додатна настава.

Училиштето има изготвено инструменти-евидентни листи за следење на планирањата на наставниците и евидентни листи за следење на час.

Планирањата на наставниците делумно задоволуваат.

### 3.2. Наставен процес

Во наставниот процес, добар број наставници користат разновидни наставни форми, методи и техники на работа, кои се соодветни на потребите на учениците. Наставата главно се реализира со различни интерактивни методи, што подразбира активно вклучување на учениците во наставата. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Наставниците најчесто користат соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Наставата по математика, природни науки, биологија, хемија и физика се реализира според целите, ресурсите и насоките на Кембриџ програмата.

Во основното училиште има инсталирано компјутерски работни места. Опременоста на училниците со компјутерска техника делумно задоволува, со исклучок на кабинетот по информатика кој е опремен со 12 десктоп компјутери и истите се во функција. По сите наставни предмети, наставниците планираат користење на информатичко-комуникациска техника во наставата. Во медијатеката на училиштето има интерактивна смарт табла, која често се користи од наставниците. Во училниците за одделенска настава има 70 classmate лаптопи, а во предметна настава има 117 компјутерски работни места. Од посетените наставни часови, разговорот воден со ученици, педагогот и спроведените анкети се констатира дека при реализација на наставата користењето на ИКТ во наставата делумно задоволува. Постои потреба од опремување на училиштето со компјутери. Наставниците во основното училиште од одделенска настава се соочуваат со потешкотии при реализација на наставната програма по предметот работа со компјутер и основи на програмирањето, бидејќи најголемиот број од лаптопите за ученици се неисправни. Мал број наставници користат свои лаптопи или мобилни телефони за користење на интернет. Во училиштето има интернет.

Во подрачните училиште нема воопшто компјутерска опрема, заради што наставата по предметите работа со компјутер и информатика нецелосно се реализира. Во ПУ с.Врбоец има интерактивна смарт табла, која не е во функција. Мал број наставници користат свои лаптопи или мобилни телефони за користење на интернет. Во подрачните училишта нема интернет.

Дополнителната и додатната настава се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците.

За наставниците реализирани се обуки за користење на стратегии и техники на подучување и учење и обуки за формативно и сумативно оценување на учениците. Во моментот на Интегрална евалуација наставниците се вклучени во on-line обука за работа со ученици со посебни потреби.

Основното училиште во Крушево расплага со спортска сала. Наставата по физичко и здравствено образование се реализира во спортска сала во склоп на училишната зграда, доволно опремена со спортски справи, спортски реквизити и еден спортски терен во училишниот двор. Во подрачните училишта нема спортска сала, ни спортски терени. Спортски терен за фудбал има само во ПУ с.Норово. Наставата по ФЗО според наставната програма се реализира нецелосно.

Планираните содржините од ЕКО програмата и проектот МИМО се интегрирани во постојните наставни програми. Содржините за меѓуетничка интеграција многу добро се реализираат во редовната настава и вонннаставните активности.

Задачите што се работат на часовите главно се добро испланирани. Изборот на задачите и активностите повремено е приспособен на образовните потреби на учениците и истиот се прави во согласност со расположивите училишни наставни средства и

технички помагала. Со учениците со посебни образовни потреби, наставниците главно имаат индивидуализиран пристап.

Воспитно-образовната работа во училиштето се следи од страна на директорот и педагогот, преку посета на часови во текот на учебната година и увид во педагошката евиденција и документација. Секој наставник од страна на директорот или стручната служба се посетува на час од еднаш до два пати во текот на учебната година.

Реализацијата на наставата делумно задоволува.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците се соодветни спрема бројот на ученици, добро осветлени и делумно уредени со ученички трудови. Најголем број од учениците ја доживуваат средината за учење како пријатно место, кое мотивира за постигање на добри резултати. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија.

Најголемиот број од учениците се мотивирани за учење и покажуваат активност за време на часовите, како и интерес за учење. Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со редовната настава и воннаставните активности. Атмосферата за учење најчесто е динамична и работна.

Наставниците применуваат разни техники во наставата кои придонесуваат за начинот на кој се учи во училиштето да биде интересен и учениците да стекнат трајни знаења. Најголемиот број од наставниците за време на часовите користат разновидни методи и техники на работа со кои ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да знаат да поставуваат прашања, самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат и активно да се вклучуваат во наставата, како и ја поврзуваат настава со реалниот живот.

Најчесто има добра интеракција меѓу учениците. Истата особено е видлива на час при работење во групи или парови, на часовите по вештини, при изработка на проекти, како и во воннаставните активности.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Задоволувањето на потребите на учениците делумно задоволува. Идентификација на образовните потреби на учениците врши педагогот и наставниците во процесот на наставата, преку посебни инструменти за следење на учениците, тестови, прашалници, наставни листови, усни одговори, разговори со учениците, родителите и наставниците. Мал број од наставниците ги прилагодуваат наставните активности согласно потребите и можностите на учениците. Потребно е наставниците на час да планираат и реализираат диференцирани активности, за ученици со потешкотии и за талентирани ученици, со цел да се постигни максимум кај сите ученици.

Од спроведената анкета со репрезентативен број на ученици се констатира дека најголем број од анкетирани ученици, се согласуваат дека училиштето им помага да стекнат поголема самодоверба, предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, наставниците им даваат добри совети како да го подобрат својот успех и дека учениците се пофалуваат кога ќе направат нешто добро. Но, мал број од анкетираните ученици се

произнесоа дека немаат доволно време по завршувањето на часовите, немаат можност да користат компјутери на часовите, дека наставниците не бараат многу при оценувањето и дека немаат пријатели кои зборуваат на друг мајчин јазик.

Наставниците и родителите сметаат дека неделниот фонд на часови е голем и наставните програми се преобемни и има наставни содржини напишани на висок стил и неприлагодени спрема возраста на учениците.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците оценувањето на учениците го планираат во тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час. Секој наставник по наставниот предмет што го предава, има изготвено критериуми за оценување, а секој родител има можност да биде запознаен со критериумите на оценување за секој наставен предмет. При разговор со фокус група ученици истите искажаа дека најчесто оценките се реални и транспарентни.

Најголемиот број од наставниците имаат посетувано обуки за оценување и користат различни техники на оценување, каде учениците се вклучуваат во оценувањето, со меѓусебно оценување или самооценување. На наставнички совет, по стручни активи и на совет на родители повремено се разговара за стандардите на оценување, а за истото се запознаени учениците и нивните родители. Следењето на успехот на учениците и формирањето на оценка, наставниците го евидентираат преку чек-листи, разни инструменти за формативно оценување, наставни листови, тестови, писмени работи и др. Во одделенска настава наставниците покрај евиденција на успехот, го следат и социо-емоционалниот развој на учениците и за секој ученик водат портфолио. Наставниците кои им предаваат на учениците со посебни образовни потреби, користат прилагодени критериуми, во соработка со инклузивниот тим.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги известува родителите за постигнатиот успех на нивните деца. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални средби, и на сопствена иницијатива и барање.

Наставниците прибираат информации за постигањата на учениците и даваат повратна информација на родителите за постигнатиот успех на нивните деца. Родителите се известуваат за постигнатиот успех по наставни предмети на секое тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации по изготвена домашна работа, писмена работа, контролни задачи, тестови и изработени проекти. За постигнатиот успех учениците добиваат евидентни листови и свидетелства.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците. За оваа учебна година училишните објекти се осигурани и училиштето има спроведена постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 15 наставници за давање на прва помош на лица при несреќи.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места има поставено предупредувања и алармни светла. Училишниот објект во основното училиште е под видео надзор. Во претходната учебна година, изведена е симулација за постапување во случај на пожар, во соработка со Против пожарната единица-Крушево, Брза помош и Црвениот крст на РМ-Крушево.

Училиштето располага со 10 против пожарни апарати (ППА), поставени во централното и во ПУ во с.Норово и во ПУ с.Саждево. Против пожарните апарати редовно се сервисираат. Но подрачните училишта во с.Врбоец, с.Алданци, с.Борино и с.Белушино не располагаат со ППА. Училишниот објект во основното училиште располага со три хидранти, поставени на секој спрат и истите се во исправна состојба. На објектот во основното училиште нема поставено громобранска заштита.

Училиштето има пишани документи-кодекси со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето. Во училиштето формиран е тим за превенција од насилство и изготвена е програма за превенција од насилство во училиштето. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство од страна на учениците и возрасните. Од страна на педагогот во училиштето спроведено е анкетирање на учениците за однесувањето на учениците во училиштето.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање алкохол и наркотични супстанции. Одделенските раководители и педагогот реализираат соодветни предавања за штетното влијание на зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго.

Во училиштето се дистрибуира храна само за дел од учениците од прво одделение. Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им се нуди на учениците, како и води кампања на здрава исхрана.

Училиштето нема пропишани процедури за грижа на учениците со пречки во развојот. Во училиштето има два ученика кои имаат физичка попреченост. Пристапот во основното училиштето е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост. Но, нема пристап до училницата во која учат учениците со физичка попреченост и нема приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во училиштето нема тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители/старатели не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Училиштето повремено обезбедува материјални и финансиски средства за учениците доколку се обезбеди надворешна финансиска поддршка. Севкупната грижа на училиштето за учениците делумно задоволува.

### 4.2. Здравје

Училиштето за оваа учебна година има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор и постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Подовите во учлниците, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Но одржувањето на хигиената во учлниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, спортската сала, училишните дворови, и во останатиот училишен простор во основното и во подрачните училишта делумно задоволува. Потребно е да се подобри одржувањето на хигиената на ниво на цело училиште.

Во учлниците и ходниците има корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето располага со средства за хигиена.

Во училиштето има програма за превенција од заразни болести. Преку конкретни насоки и предавања, се посветува внимание на воспитно делување врз учениците за стекнување на навики за одржување лична хигиена. За учениците редовно се вршат вакцинации и систематски прегледи. За оваа учебна година во тек е постапка за вршење на систематски прегледи на вработените во училиштето.

Училиштето нема договорени процедури со кои ќе се дефинираат активности и одговорни лица за реализирање на определена активност за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето располага со програма за професионална ориентација. Педагогот во училиштето реализира активности за професионална ориентација со учениците од завршните одделенија. Во рамките на програмата за советодавна помош на учениците за понатамошно образование, стручната служба-педагог спроведува анкета за професионални интереси за учениците од деветто одделение. Со резултатите од спроведената анкета се запознаваат родителите на нивните деца. На отворените денови кои ги организираат средните училишта се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба во училиштето не е целосно кадровски екипирана, односно во училиштето нема вработено стручен соработник-психолог.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни. Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците , по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагогот и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Во ООУ „Никола Карев“ – Крушево најголемиот број од вработени се грижат за угледот на училиштето. Училиштето е препознатливо според оспособениот стручен наставен кадар и според активностите за меѓуетничка интеграција. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и локалната заедница во училишниот живот. Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите.

Наставниците со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето и истите уживаат респект кај учениците и родителите. Во училиштето еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики.

Дел од родителите делумно се информирани за работата и правилата во училиштето. Има Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите како и Правилник за куќен ред и истите по правило се почитуваат. При изготвување на овие документи дел од наставниците, учениците и родителите делумно биле вклучени во изработката на истите. Училиштето нема пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на одредбите пропишани со кодексот.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Постои добар соживот и професионална соработка меѓу вработените. Во колективот има добра клима. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност. Соработката на вработените со раководниот кадар е добра и постојана. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците.

Дисциплината на учениците е добра. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Минатата учебна година сите ученици завршиле со примерно поведение. Во последните три години се забележува подобрување на поведението на учениците. Поголемиот број ученици го почитуваат кодексот на однесување на ученици. За време на наставата и воннаставните активности најчесто постои работна атмосфера, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување. Наставниците редовно дежураат за време на одморите.

Училиштето ги презема сите мерки да обезбеди инклузивност по сите основи. Наставниците и сите вработени даваат поддршка на 4 ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученичка заедница, која повремено учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Ученичката заедница добива поддршка од педагогот.

**5.2. Промовирање на постигањата**

Наставниот кадар и директорот ја организираат средината за учење со поставување на очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање на учениците. Постигањата на учениците се промовираат во училиштето само преку текстуални извештаи кои се презентираат на наставнички совет, совет на родители, при одбележување на патрониот празник на училиштето, и на FB- профилот на училиштето.

Училиштето го поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво, но нема правилник за наградување ученици кои постигнале успех на натпревари и наставници - ментори. Нема доволно финансиски средства за наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците кои ја давале поддршката. Училиштето по правилник, избира и првенец на генерацијата.

Промовирањето на постигањата на учениците и промовирањето на училиштето е доволно.

**5.3. Еднаквост и правичност**

Вработените во училиштето добро се запознаени со правата на децата и истите ги запознаваат учениците со нивните права. Училиштето презема активности да ги запознае родителите со правата на децата.

Прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот е многу добро. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Преку бројни МИМО активности во училиштето се става акцент на еднаквоста на учениците.

**5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница**

Соработката со родителите е доволна.

За информирање на родителите редовно се организираат индивидуални и групни средби. Училиштето прифаќа поддршка од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во работата на училиштето. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци делумно задоволува. Постојат мал број примери за вклученост на поедини родители во работата на училиштето. Во училиштето со мал број на родители се спроведува проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“. Постојат мал број примери на иницијативи од страна на родителите за подобрување на состојбите во училиштето, како повремено вклучување на родители во наставниот процес, доброволно учество во поправки во училишниот простор, донирање на наставни

материјали и технички средства за наставата и др. Родителите се чувствуваат добордојдени во училиштето.

На демократски начин се реализира изборот на родители во Советот на родители. Постојат потешкотии во работењето на Советот на родители, заради оддалеченоста на подрачните училишта со основното училиште, каде се организираат состаноци. Ова влијае на бројот на присутни на состаноците на Советот на родители и донесувањето на одлуки.

Училиштето добро соработува со локалната заедница. Од страна на општина Крушево и локални претпријатија училиштето добива поддршка за своите потреби. Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница.

Соработката со деловната заедница е доволна. Со невладиниот сектор училиштето повремено соработува.

Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница делумно задоволува.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставниот процес во ООУ „Никола Карев“-Крушево, се реализира во основното училиште во една зграда во централното градско подрачје, во две смени и во шест подрачни училишта и тоа: ПУ с. Врбоец, ПУ с. Алданци, ПУ с. Борино и во ПУ с. Белушино, каде наставата се реализира од прво до петто одделение во една смена и во ПУ с. Норово и ПУ с. Саждево, наставата се реализира од прво до деветто одделение во две смени.

Училиштето има план и распоред за максимално користење на расположивите просторни капацитети.

Во основното училиште, наставата се реализира во 16 училници и во 3 кабинети. Во склоп на училишниот објект има училишна спортска сала, опремена со спортски справи и реквизити, две соблекувални за учениците, но истите се користат и за други намени и нема соодветно греење. Во училишниот објект надворешната и внатрешната столарија е нова со реновирани санитарни јазли. Затоплувањето на објектот е со централно греење на нафта и дрва. Училишниот двор е заграден, поплочен но недоволно хортикултурно уреден. Училишните згради се од цврста градба.

Во ПУ с. Норово и ПУ с. Саждево, училишниот простор нецелосно ги задоволува потребите за работа на учениците и наставниот кадар. Во ПУ с. Врбоец е извршена целосна реконструкција и постојат добри услови, додека во подрачните училишта во с. Алданци, с. Белушино и с. Борино потребно е да се изврши санација на училишните објекти. Просториите во подрачните училишта се загреваат со печки на дрва. Подрачните училишта не располагаат со уредени спортски терени за реализација на наставата по физичко и здравствено образование. Последниве три години училиштето има превземено мерки и активности за подобрување на просторните капацитети и подобрување на условите за работа на учениците и наставниците.

Училничкиот мебел го има во доволен број и истиот е во добра состојба.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето има пропишана процедура за набавка на нагледни средства и помагала, но не располага со доволен број на наставни средства и помагала како и соодветна стручна литература согласно нормативот по сите наставни предмети, поради долг период на блокирана сметка на училиштето. Наставниот кадар и учениците се запознаени со кои наставни средства и помагала располагаат. Но, има и несоодветни или наставни средства кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови.

Во рамките на реализацијата на активностите од проектот за модернизација на образованието, набавени се мал број на нагледни средства и медијатеката е опремена со интерактивна SMART- табла, со што во одреден дел е подобрена нагледноста во наставата и подобрен квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето.

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал. Набавката не ги задоволува потребите на училиштето.

Училишната библиотека располага со фонд од околу 5900 наслови, односно 17000 книги од различни жанрови (енциклопедии, лектирни изданија, стручна литература и др.). Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите, преку хумани акции на училиштето и преку донации од Владата на РСМ. Водењето на евиденцијата за користењето на книгите од училишната библиотека е во електронска и пишана форма.

Работното време во библиотеката е прилагодено на потребите на учениците од двете смени, со тројца вработени наставници.

Училиштето изготвува финансиски план за набавка на основниот потрошен материјал и истиот редовно се доставува до основачот, но финансиските средства за набавка не секогаш ги задоволуваат потребите според планот.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар, но 5 наставници се несоодветни, бидејќи во Агенцијата за вработување ПЕ-Крушево, нема пријавено соодветни лица. Во ООУ „Никола Карев“ - Крушево 77 наставници ги реализираат наставните планови и програми, од кои 3 наставници дополнуваат од друго училиште. Работата во училиштето ја помагаат и: 1 педагог, 1 директор, 1 помошник директор (кој е и наставник), 2 лица административна служба и 12 технички персонал од кои: 10 хигиеничари, 1 хаус-мајстор и 1 котлар.

Наставниот процес во училиштето го реализираат 50 наставници на неопределено време и 27 наставници на определено време.

Во оваа учебна година 6 наставници се приправници, со назначени ментори согласно законските прописи. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова, етничка или друга дискриминација.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на наставниците и техничкиот персонал ја следи директорот, а во подрачните училишта и помошник директорот. Работата на наставниот кадар ја следи директорот и стручната служба со посета на часови. Во случаи на отсуство на наставниот кадар училиштето има механизми за брза, но не и секогаш соодветна замена.

Училиштето нема комплетирана стручна служба, (има само педагог), кој преку својата програма им помага на наставниците во организација на наставата и на учениците им дава поддршка во справување со нивните проблеми како и следење на напредокот индивидуално, по паралелки и на ниво на училиште. Педагогот добро планира и спроведува активности за работа со наставници и ученици и истиот е секогаш отворен за соработка со сите заинетресирани страни во воспитно образовниот процес.

На училиштето му недостасува училишен психолог, дефектолог и библиотекар за поддршка на наставниот кадар, учениците и родителите, особено за работа со деца со посебни образовни потреби.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Развојните потреби на наставниот кадар се следат од страна надиректорот и педагогот на училиштето. Се врши посета на часови од страна на директорот и педагогот, како и увид во планирањата на наставниците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организации. Потребите за стручно усовршување се утврдуваат по извршени анкети на наставниците или барања од стручните активи. Училиштето нема план за дисеминација-внатрешна обука и размена на знаењата на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој со што ја почитува законската регулатива во тој однос.

Работата на наставниците-приправници ја следат менторите, кој на приправникот му даваат соодветна стручна помош преку остварување на програма. Во оваа учебна година работат 6 наставници-приправници.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. Редовно добива финансиски средства како блок дотација од буџетот на РСМ и редовно се известува основачот за приходите и расходите и како наменски се трошат финасиските средства. Училиштето има финансиски долгови за превоз на ученици и за затоплување и работи со блокирани сметки (одблокирана е пред 5 месеци), без лимит за тековно работење и одржување. Сопствени приходи училиштето не остварува. Годишните сметки на училиштето се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и истите се усвојуваат. Училиштето спроведува јавни набавки од мала вредност преку училишната комисија за јавни набавки согласно законските прописи, а набавките од голема вредност се реализираат преку локалната самоуправа. При спроведувањето на набавките се почитуваат одредбите од законот за јавните набавки преку електронски апликации.

За трошењето на финансиските средства од блок дотацијата од буџетот на РСМ, училиштето редовно ги информира вработените во училиштето, родителите кои се заинтересирани, како и локалната самоуправа.

## 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор (УО) во училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови се со легитимен мандат. Во составот на УО има претставник од подрачните училишта. Составот на органот на управување има родова застапеност и ја одразува етничката средина во која се наоѓа училиштето (Македонци, Албанци и Власи).

За регулирање на својата работа Училишниот одбор има донесено своја Годишна програма за работа и деловник за работа. Состаноците се одржуваат во согласност со Деловникот за работа. Дел од членовите на училишниот одбор има потреба за обезбедување и посета на обуки заради запознавање и извршување на улогата на управување. За својата работа Училишниот одбор навреме ги запознава другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор активно учествува во креирањето на еколошката и животната средина, меѓуетничката интеграција и иклузивноста во образованието.

Раководниот орган – директорот, има програма за работа и истата ја реализира во континуитет. Знае да ги вреднува објективно квалитетите на вработените и нивниот придонес во целовкупната работа во образовниот процес на училиштето, има познавање, знаења за работата. Своето работење го заснова врз тимска работа и има професионален однос кон работата. Се фокусира на јасни работи за остварување на приоритети од програмата за развој на училиштето. Како приоритети на неговата работа е подобрувањето на условите за работа во училиштето и подобрување на постигањата на учениците. Со почит се однесува кон специфичните карактеристики на родителите и со нив постојано соработува да и тие да даваат свој придонес за подобрување на резултатите .

Начинот на ваквото однесување, ангажирање и раководење од страна на директорот е позитивен одраз врз состојбите и квалитетот на севкупната работа во ова училиште. Директорот соработува со Бирото за развој на образование, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, со Локалната самоуправа, родителите на учениците како и други органи.

### 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Образовната политика за работа на училиштето е предвидена во самата програма за развој и годишната програма за работа на училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој за период 2016-2019 г. на училиштето за периодот од четири години се јасно и прецизно дефинирани насоките кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и инфраструктурните услови во училиштето.

Вработените и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, а за истакнување е подобрувањето на меѓуетничката интеграција и еднаквиот пристап кон сите. Родителите имаат помал удел во развојниот план на училиштето.

Креирањето на училишната политика е насочена кон јасно дефинирани цели. На училиштето за креирањето на образовната политика му е потребно уште повеќе да изврши во континуитет истражувања, аналзирања и откривање на сопствените потреби на училиштето. Во креирањето-ажурирањето на стратегиите за реализирање на поставените цели, вклучени се поголемиот дел на наставници. За ова се информираат заинтересираните субјекти на наставнички совет, одделенски совети и стручни активи.

### 7.3. Развојно планирање

По целосната анализа на работењето во претходната година и лоцирање на одредени слабости, раководниот тим на училиштето врши напори за отсликување на вистинските потреби и предлага можни остварливи решенија кои ќе го подобрат квалитетот на наставата. Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализата на реалната состојба и реалните потенцијали на училиштето.

Училиштето планира активности за реализација на поставените цели и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Наставниците, родителите и учениците се постојано информирани за поставените цели, нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги има во предвид ставовите на сите субјекти кои се заинтересирани за работата на училиштето.

Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно оспособување на кадарот и во согласност со своите финансиски можности овозможува вклучување на наставниците во следењето на планираните обуки. Училиштето нема воспоставено систем на внатрешна обука и пренесување на стекнатото знаење. Постојано работи на идентификување на потребите за обезбедување на наставни нагледни средства и технички помагала. Постоечките нагледни средства и технички помагала кои се функционални, не се користат оптимално.

Во однос на подобрување на инфраструктурата училиштето има воспоставено соработка со родители и приватниот сектор.

**Наоди и препораки**

**Јаки страни**

- Училиштето организира разновидни вонаставни активности со јазично хетерогени групи на ученици и наставници и нивната реализацијата е добра,

- Постигањата на учениците се многу добри,
- Училиштето води политика на инклузивност на ученици во редовната настава,
- Поголем број од наставниците при реализација на наставата, користат современи интерактивни методи и форми на работа,
- Интеракцијата меѓу учениците и возрасните во училиштето е на добро ниво,
- Севкупната грижа за учениците е добра,
- Училишната клима и односите во училиштето се добри,
- Постои добра соработка на раководниот орган со наставниците, училишниот одбор, советот на родители и локалната самоуправа.

**Слаби страни**

- Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб,
- Потребно е наставниците на час да планираат и реализираат диференцирани активности, за ученици со потешкотии и за талентирани ученици, со цел да се постигни максимум кај сите ученици ,
- Одржувањето на хигиената во училиштето делумно задоволува,
- Училиштето не располага со уредени спортски терени во подрачните училишта и немање на затоплување во фискултурната сала,
- Некомплетирана стручна служба со училишен психолог и дефектолог,
- Училиштето нема пропишани процедури за грижа на учениците со пречки во развојот.

**Препораки**

- **Училиштето да ги преземи сите мерки за да регистрира училишен спортски клуб и истиот да реализира училишни спортски активности,**
- **Сите наставници на час да планираат и реализираат диференцирани активности, за ученици со потешкотии и за талентирани ученици, со цел да се постигни максимум кај сите ученици,**
- **Училиштето да превземе мерки и активности за подобрување на хигиената во сите училишни простории и објекти,**
- **Училиштето да превземе активности за изградба на спортски терени во подрачните училишта и активности за обезбедување на греење во фискултурната сала во основното училиште,**
- **Училиштето во соработка со основачот задолжително да отпочни постапка за да изврши прием на училишен психолог и дефектолог,**
- **Училиштето во соработка со основачот да отпочни постапка за грижа за учениците со пречки во развојот.**

| | |
|---|---|
| Раководител на инспекцискиот тим | **Весна Корлевска** |
| Инспектор | **Илија Илиески** |
| Инспектор | **Хамдин Рушај** |